**20240931820**

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав Добрила Кацарска, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 3 април 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23).

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Образложение

I

До Уставниот суд на Република Северна Македонија беа поднесени три одделни иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23). Судот, по повод поднесените иницијативи, согласно со член 21 од Деловникот спроведе единствена постапка.

Подносителот на првата иницијативата, политичката партија „Левица“ од Скопје, (У.бр.83/23), ги оспорува нормите од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/23) во однос на член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 10, член 9, член 32 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и како спротивни со општо прифатените норми на меѓународното право, односно на правата признати во Универзалната декларација за човекови права, односно со член 24 од истата.

Во оспорениот член 110 став 4 од Законот за работните односи се предвидува дека министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко значење за Републиката, односно подносителот заклучува дека тоа ќе биде регулирано со подзаконски акт, а не со закон.

Заонот за работните односи во делот VIII „Плаќање на работа” од член 105 до член 115 детално го уредува местото и начинот на исплаќање на платата на работникот од страна на работодавачот. Овие одредби на Законот за работните односи, според подносителот, претставуваат разработка на член 32 став 3 од Уставот со кој е регулирано дека секој вработен има право на соодветна заработувачка. Во иста насока и член 32 став 5 од Уставот, пропишува дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори. Оттука, подносителот резимира дека Уставот ја исклучува можноста уредувањето на платата на работниците да биде

регулирано на поинаков начин со подзаконски акт како што тоа е сторено во овој случај. Со тоа, член 110 став 4 од оспорениот закон е во спротивност и со владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Републиката, утврдена со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Понатаму, во иницијативата подносителот потенцира дека во член 117 од Законот за работните односи се уредува и ограничува прекувремената работа која на барање на работодавачот, работникот е должен да ја извршува. Притоа, прекувремената работа е ограничена на три начини и тоа во став 1 на истиот член каде таксативно се наведени околностите во кои работодавачот смее да наложи прекувремена работа, во став 2 кој пропишува дека прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работа во смени и прекувремена работа во период од три месеци, не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно. Третото ограничување е во став 7 од истиот член со кој е регулирано дека ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од ставот 2 е должен да изврши прераспределување на работното време или воведување на нови смени.

Меѓутоа, со оспорениот член 117-а став 1 од Законот за работните односи овие ограничувања, според подносителот, повеќе не важат за работа на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон кој предвидува дека по исклучок на член 117 ставовите 1, 2 и 7 за работа на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а заради потребата од континуитет во работата, прекувремената работа може да трае подолго од осум часа неделно и 190 часа годишно, по претходна дадена писмена согласност од страна на работникот.

Вака поставената законска норма, според подносителот, овозможува прекувремена работа до 32 часа неделно или 1500 часа прекувремена работа на годишно ниво и истата е уназадувачка, општествено-деградирачка и нехумана и во спротивност со основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и втемелени во член 8 од Уставот на Републиката како и со член 24 од Универзалната декларација за човекови права усвоена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации и објавена во Резолуцијата 217 А (III) од 10 декември 1948 година која утврдува дека секој има право на одмор и слободно време, вклучувајќи ги тука и разумното ограничување на работното време и правото на повремен платен одмор.

Како аргумент во прилог на своето толкување на оспорениот член 117-а, став 1, подносителот наведува дека овој стандард е признат и од Меѓународната организација на трудот во Конвенцијата на МОТ за работни часови-индустрија, (1919), како и од страна на Европската Унија во Директивата 2003/88/ЕС на Европскиот парламент и Советот од 4 ноември 2003 година каде максималното прекувремено работење е лимитирано на 48 часа неделно. Со отстранување на горната граница од најмогу осум часа неделно и најмногу 190 часа годишно за работниците ангажирани на т.н. „проекти од стратешко национално значење" се повредува суштината на одморот, обновувањето на физичките и интелектуални капацитети на работникот за вршење на работата и остварување на активности од личниот и семејниот приватен живот. Со ваквата законска одредба, според подносителот на оваа иницијатива, се загрозува здравјето на една цела група работници од областа на градежништвото и е спротивна на член 25 од Уставот каде што се гарантира почитување и заштита на приватноста, достоинството и угледот на граѓаните, иако во ставот 2 на оспорениот член работното време е условено со писмена согласност на работникот и правото на дневен, неделен и годишен одмор согласно со членовите 133 и 134 од Законот за работните односи.

Предвидениот услов за давање претходна писмена согласност на работникот, подносителот на иницијативата смета дека всушност е откажување од правото на дневен и неделен одмор што е во директна спротивност со член 32 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија. Уставотворецот го забранил правото на работникот да се откаже од своите работнички права токму поради специфичниот sui generis однос работодавач-работник, во кој работникот е во de facto подредена позиција спрема работодавачот.

На крајот од оваа иницијатива подносителот смета дека неуставните норми на член 110 став 4 и член 117-а став 1 се во спротивност со уставниот поредок на нашата Република и истите треба да бидат касирани и да не постојат во нашиот правен систем.

Во втората иницијатива поднесена од здружението Хелсиншки комитет за човекови права од Скопје, застапувано од извршната директорка Уранија Пировска (У.бр.96/2023) оспорени се членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.111/23) од причини што истите се во спротивност со темелните вредности на уставниот поредок односно со член 8 став 1 алинеи 1,3, 8 и 11, понатаму со член 9 од Уставот , член 32, член 50 став 1, член 51 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на оваа иницијатива наведува дека оспорените законски одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи се во спротивност со член 105 ставовите 1 и 2, член 110 став 1 и член 117 ставовите 1 и 2 од самиот Закон за работните односи, како и со член 2 и член 3 од Конвенцијата за трудови клаузули/јавни договори, 1949 и Законот за ратификација на Конвенцијата за трудови клаузули/јавни договори објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 77/2010.

Во врска со оспорениот член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, односно член 110 став 4 од Законот, подносителот смета дека е во спротивност со член 32 од Уставот со образложение дека изречно е утврдено дека остварувањето на правата на вработените се уредува со закон и со колективен договор и ниту на еден друг начин и истата одредба од Уставот е операционализирана во член 105 од Законот за работните односи. Оспореното законско решение го напушта тоа ниво на заштита кое го нудат позитивните законски прописи и меѓународните конвенции и се прави обид да се наметне механизам за заобиколување на веќе воспоставени правила, што создава опасност од нееднаков третман и дискриминација на одредена група работници со акт на министер. Начинот на уредување на исплата на платите на работници ангажирани да работат на проекти од стратешко национално значење со акт на министер, подносителот смета дека претставува чин на поткопување на уставниот поредок и прескокнување на еден цел систем на процедури за носење на закон од страна на законодавната власт и обид за замена на улогата на законодавната власт со акт на извршната власт, односно акт на министер. Со ваквата одредба се загрозува правната сигурност и владеењето на правото, се воспоставува нееднаков третман на граѓаните кои ги остваруваат или ќе ги остваруваат своите права од работен однос гарантирани со претходно воспоставените уставни и законски норми.

Понатаму, во врска со оспорениот член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, односно член 117- а од Законот, каде што се предвидува исклучок од траењето на прекувремената работа подолго од 8 часа неделно и 190 часа годишно за работа на проекти од стратешко национално значење, подносителот смета дека работниците се доведени во неповолна положба и правна несигурност бидејќи вака поставената законска одредба без да се утврди горна граница на прекувремените работни часови остава простор за толкување и манипулација со вкупното времетраење на прекувремената работа.

Во продожение на иницијативата, подносителот наведува дека доколку се анализира ставот 2 од член 117-а во тој случај на работодавачот кој без законска рамка е прогласен за носител на проект од стратешко национално значење му се овозможува да утврдува и организира работни денови кои според проекција на подносителот на иницијативата можат да траат и до 12 часа 6 дена неделно што на ниво на цела година која има 48 работни недели доведуваат до збир од 1152 работни часа прекувремена работа, без организирање на смени. Ако пак се организира работа во смени, просторот за манипулација со прекувремената работа, без никакви ограничувања може да значи и работа и 7 дена во неделата врз основа на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, односно член 134 став 3 алинеја 44 од Законот. Всушност, според подносителот, работникот на проекти од стратешко национално значење теоретски и потенцијално знае колку треба да работи минимум работни часови, меѓутоа максимумот на работни часови е неопределен и непредвидлив што остава широк простор за интерпретација. Единствено ограничување во времетраењето и начинот на распределување на прекувремената работа се одредбите од член 133 и 134 за дневен и неделен одмор, а притоа не се поставени ограничувања за ноќна работа, годишни одмори, бремени жени, деца и инвалидни лица и други одредби кои предвидуваат правила и ограничување при организирањето и планирањето на работниот процес.

Во прилог на своите аргументи, подносителот на иницијативата се повикува на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.148/21 и У.бр.15/ 2022 од 13. 07.2022 година во која, меѓу другото, се потенцира дека вака пропишаното времетраење на работното време, без разлика дали се работи за прекувремена работа, се разликува и е неограничено подолго од пропишаното траење на прекувремената работа која е дозволена за сите други работници во Република Северна Македонија, кое е пропишано како со закон така и со колективни договори и кое не може да биде подолго од 8 часа неделно или 190 часа годишно прекувремена работа, освен во точно определени случаи и за определено време. Исто така се повикува и на Директивата 89/391/ЕЕЦ на Советот од 12 јуни 1989 година за воведување мерки за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците на работните места каде што јасно се прокламира преземање на сите потребни мерки за заштита на здравјето на работниците, особено преку правото на користење на дневен, неделен и годишен одмор како период за обновување на физичките и интелектуалните капацитети на работниците и елиминирање на можноста работникот да се откаже од тој одмор, ниту во името на националниот стратешки интерес. Откажувањето од правото на дневен, неделен и годишен одмор е изречно забрането со член 32 од Уставот на Република Северна Македонија и секоја одредба која предвидува откажување од тоа право во форма на писмена изјава за согласност, според подносителот на оваа иницијатива е неуставна.

Понатаму, подносителот се повикува на член 6 од Директивата 2003/88/ЕЦ на Европскиот парламент и на Советот од 4 ноември 2003 година каде е предвидено дека земјите членки ќе ги преземат сите мерки кои се неопходни да се осигураат дека со цел заштита на безбедноста и здравјето на работниците неделното работно време е ограничено со закон, правила и прописи или со колективни договори при што просечното работно време за секој период од 7 дена вклучително и прекувремената работа да не надминува 48 часа. Со оспорените законски одредби, подносителот заклучува дека повредата на начелото на еднаквост на граѓаните, еднаков третман на претприемачите во пазарната економија произлегува и од одредбата која сите овие посебни правила ги утврдува за работа на проекти од стратешко и национално значење кој термин нема дефинирано граници ниту во системот на позитивните законски прописи генерално ниту пак во смисла на поимникот на Законот за работните односи и рамките на примена на овие

новонаметнати законски одредби, што доведува до правна несигурност и не дава никакви гаранции дека ќе се избегнат злоупотреби при екстензивното толкување, сега и во иднина.

Со оспорениот член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, односно став 3 од член 134 од Законот, во кој се додава алинеја 44 која заедно со останатите 43 алинеи предвидува исклучок од правилото за недела како неработен ден. Со дополнување на алинејата 44, подносителот на иницијативата смета дека се врши неограничено и недефинирано проширување на која било дејност што без претходно утврдени критериуми би се дефинирала како работа од стратешко национално значење, со што во целост се губи правната оправданост за таксативното дефинирање на дејностите од став 3 алинеи 1-43, во претходното законско решение. Со ваквата недефинирана форма на одредбата се создава простор за широко толкување на оваа одредба до степен на злоупотреба на која буквално не може ни приближно да се предвидат границите.

На крајот од оваа иницијатива, подносителот резимира дека заеднички именител на секоја од овие измени е „стратешкото и национално значење", а правилата кои се предвидени во оспореното законско решение всушност се исклучоци од веќе поставените правила кои би важеле за проекти од национално стратешко значење. Утврдување на различни правила под кои се остваруваат правата од работен однос, преку една недефинирана правна категорија предизвикува континуирана примена на паралелни правила во работните односи во зависност од тоа дали една работна задача на кој било работник во даден момент е од национално стратешко значење. За работникот во ниту еден момент не постои правна сигурност дека тој ќе ги остварува правата од работен однос на еднаков начин со останатите граѓани, ниту пак работникот знае при засновање на работен однос и во текот на истиот, по кои правила ќе може да ги остварува своите права.

Врз основа на изнесените аргументи подносителот на оваа иницијатива му предлага на Судот да се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.111/23) и истите да бидат поништени или укинати.

Во третата иницијатива поднесена од Сојузот на синдикатите на Македонија ССМ од Скопје, застапуван од претседателот Слободан Трендафилов и Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија СГИП, застапуван од претседателот Иван Пешевски (У.бр.111/2023) оспорени се исто како и во втората иницијатива, членовите 1, 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.111/23) од причини што истите се во спротивност со темелните вредности на уставниот поредок односно членовите 8, 9, 32, 34 и 35 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на оваа иницијатива наведува дека оспорените законски одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи се во спротивност со член 109, член 110 и член 134 став 2 од самиот Закон за работните односи, како и со член 36 став 2 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („ Службен весник на Република Македонија" бр. 115/2014). Понатаму, подносителите само декларативно, без да наведат аргументи, наведуваат дека оспорените законски одредби се во спротивност и со Законот за безбедност и здравје при работа, член 2 од Законот за ратификација на Конвенцијата за трудови клаузули/јавни договори објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 77/2010, Конвенцијата за работното време во индустријата бр. 1 од 1919 година, Конвенцијата за работното време во во трговијата и бироата, бр. 30 од 1930 година, Конвенцијата за четириесетчасовно работно време, бр. 47 од 1935 година, се наведува и Европската социјална повелба

(ревидирана), член 31 од Повелбата за фундаменталните права на ЕУ и Директивата 2003/88/ЕС за одредени аспекти од организацијата на работното време и Конвенцијата за неделен одмор С 106.

Подносителите прво наведуваат дека на донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи којшто е оспорен со оваа иницијатива му претходи Одлуката на Уставниот суд У. бр.148/2021 и У. бр.15/2022 од 13.07.2022 година со која се укинува член 12 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 ( делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требениште-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.163/2021) односно се прави интервенција во постоечкиот текст на Законот за работните односи во период кога Министерството за труд и социјална политика повеќе од 5 години работело на нов закон за работните односи и со скратена законодавна постапка со „европско знаменце” се носат овие оспорени измени и дополнувања на Законот.

Во врска со член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, односно член 110 став 4 во кој е регулирано дека министерот за финансии, во согласност со министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, подносителот смета дека оваа материја е исклучиво во законодавна надлежност и треба да биде уредена со закон како што е изречно наведено во член 110 став 1 од Законот, префрлена е во надлежност и дискреционо право на органите на државната власт, односно се работи за законодавна материја која не може да биде упатена за регулирање со подзаконски акти, со одлука на државни органи.

Понатаму, подносителот смета дека дека ова законско дополнување е во спротивност и со член 109 од Законот за работните односи, каде е уредено дека платата се исплатува за период кој не може да биде подолг од еден месец, односно исплатата на платата се врши најдоцна 15 дена по изминување на исплатниот период, а работодавачот е должен претходно писмено да ги извести работниците за денот на исплаќањето и за секоја промена на денот на исплаќањето, а исто така и во спротивност со Законот за ратификација на Конвенцијата за трудови клаузули (јавни договори) 1949 година односно работниците кои работат на стратешки проекти се ставаат во понеповолна положба во однос на другите работници во државата кога станува збор за важно и егзистенцијално прашање – начин, време и место на исплата на плата, односно овие работници остануваат без законски одредби за заштита на нивните права и го губат правото да бидат информирани за секоја промена на ден на исплата на плата, ги нарушува принципите на еднакви права од работен однос на работниците, создава правна нееднаквост и несигурност што е во спротивност на принципите на Уставот на Републиката, меѓународните трудови стандарди, законите од трудово-правна област, Законот за спречување и заштита од дискриминација и колективните договори.

Во однос на оспорениот член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, подносителот смета дека законодавецот направил обид да се „ублажат” последиците од укинувачката Одлука на Уставниот Суд во однос на член 12 од посебниот Закон за изградба на инфраструктурните коридори 8 и 10 и да се „заобиколат” аргументите на образложението на Судот, со цел да се прикаже дека законодавецот ги „разбрал” повредите на уставноста и законитоста на кои укажува Судот во својата Одлука и да превенира во нивното прогласување за неуставни. Меѓутоа и вака поставената законска одредба подносителот смета дека е противуставна и незаконита односно спротивна на начелата на еднаквост на граѓаните и владеење на правото.

Во прилог на овие ставови подносителот наместо аргументи во контекст на уставноста односно неуставноста на овие законски одредби, прави компарација со укинатиот член 12

од Законот за изградба на инфраструктурни коридори 8 и 10 и го цитира образложението на наведената Одлука У бр. 148/2021 и У бр. 15/2021 од 13. 07. 2022 година на Уставниот суд.

Понатаму подносителот наведува дека фактот што спорните прашања се уредуваат со измени и дополнувања на Законот за работните односи, наместо со измени и дополнувања на специјалниот закон (Законот за изграба на инфраструктурни коридори 8 и 10) нема никакво посебно значење во однос на оправдувањето на нивната уставност и законитост. Измените и дополнувањата на Законот не ја пропишуваат изречно можноста за определување на работното време во траење просечно 60 часа неделно во текот на годината која согласно со Одлуката на Уставниот Суд беше утврдена како спротивна на начелата на еднаквост и законитост, но не значи дека тие се во согласност со овие начела.

Исто така, оспорениот член 2 односно член 117-а ги дерогира ограничувањата во траењето на прекувремената работа уредени со член 117 став 2 од Законот (најмногу 8 часа во текот на една недела и најмогу 190 часа годишно, и прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно), пропуштајќи да утврди какво било ограничување на максималното траење на прекувремените работни часови, односно максималното траење на вкупното работно време кое би ја вклучило и прекувремената работа, наменето за работа на проекти од стратешко национално значење. Имајќи ја предвид ваквата правна состојба и повикувајќи се на аргументацијата од горенаведената Одлука на Уставниот суд подносителот нагласува дека овие законски одредби се непрецизни, нејасни и оставаат простор за арбитрарност од страна на работодавачот загрозувајќи ја правната сигурност на работниците и можности од злоупотреба на овие одредби.

Во врска со оспорениот член 3, односно дополнувањето на член 134 став 3 со додавање на нова алинеја 44 сметаат дека истиот не е во согласност со член 32 од Уставот каде е уредено дека секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор, од кои права вработените не можат да се откажат како и со концептот на законското решение за недела да биде неработен ден за сите работници освен за дејностите во исклучоците, понатаму со Општата декларација за човековите права, Европската конвенција за заштита на правата, Конвенцијата за неделен одмор, член 2 од Законот за ратификација на Конвенцијата за трудови клаузули ( јавни договори) 1949, односно сите овие закони и документи за човековите права како од национална така и од меѓународна природа поаѓаат од постулатот дека секој има право на работа и работни услови кои го почитуваат човековото достоинство и во таа насока секој има право на ограничување на максималниот број на работни часови, дневен, седмичен, годишен одмор и платено отсуство.

Врз основа на своите наводи во иницијативата подносителите му предлагаат на Уставниот суд да донесе одлука за поништување на оспорените одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, а поаѓајќи од штетните последици по граѓаните и работниците во Република Северна Македонија од овие одредби да се донесе времена мерка која ќе го запре извршувањето на поединечните акти и дејствија преземени врз основа на оспорените одредби.

II

На седницата Судот утврди дека во Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.111/23) во член 1 е регулирано дека во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), во член 110 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи „министерот за

финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон".

Видно од член 2, по член 117 се додава нов член 117-а, кој гласи „Член 117-а (1) По исклучок од членот 117 ставови (1), (2) и (7) од овој закон, за работа на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а заради потребата од континуитет во работата, прекувремената работа може да трае подолго од осум часа неделно и 190 часа годишно, по претходна дадена писмена согласност од страна на работникот. (2) Работата над 40 часа неделно се смета и се плаќа како прекувремена работа, со задолжително почитување на одредбите за дневен и неделен одмор, во согласност со членовите 133 и 134 од овој закон."

Според член 3 во членот 134 став (3) во алинејата 42 сврзникот „и" се заменува со запирка. Во алинејата 43 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и" и се додава нова алинеја 44, која гласи „- работи на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон."

III

Согласно со член 8 став 1 алинеи 1, 3, 8 и 11 од Уставот темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другите, се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото, како и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Членот 9 од Уставот предвидува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 32 ставови 1 и 2 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјалната обезбедност за време на привремена невработеност и секому, под еднакви услови , му е достапно секое работно место. Во став 3 и став 4 од истиот член е регулирано дека секој вработен има право на соодветна заработувачка и секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Став 5 предвидува дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Во член 55 став 1 од Уставот се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а во ставот 2 на овој член меѓу другото е утврдено дека Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Надлежностите на Владата на Република Северна Македонија се утврдени во член 91 од Уставот. Така, според став 1 алинеја 1 на овој член од Уставот, Владата на Република Северна Македонија ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување, а според алинејата 5 од ставот 1 на член 91 од Уставот, Владата на Република Северна Македонија донесува уредби и други прописи за извршување на законите.

Согласно со член 95 став 1 од Уставот, државната управа ја сочинуваат министерствата и другите органи на управата и организации утврдени со закон.

Според член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни пред Владата.

Поаѓајќи од изнесените уставни одредби, законодавецот ги уредил односите во областа на трудот со Законот за работните односи, а организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа ги уредил со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Работниот однос дефиниран според Законот за работните односи е договорен однос меѓу работникот и работодавачот во кој работникот доброволно се вклучува во организираниот процес на работа кај работодавачот, за плата и други примања и лично и непрекинато ја извршува работата според упатствата и под надзор на работодавачот.

Во глава VIII од Законот за работните односи, со наслов „Плаќање на работата" во член 105 со поднаслов „Вид на плаќање" е пропишано „(1) Работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

(2) Плаќањето на работата по договорот за вработување мора да биде секогаш во парична форма. При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

(3) Платата е составена од основната плата, дел од платата за работната успешност и додатоците, ако со друг закон поинаку не е определено.

(4) Работодавачот може на работникот да му исплати 13-та плата, доколку работодавачот има можност да ја исплати."

Во член 106 од истиот закон со поднаслов „Основна плата, работна успешност и додатоци" се наведува „ (1) Основната плата се определува земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот го склучил договорот за вработување.

(2) Работната успешност на работникот се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, за којашто работникот го склучил договорот за вработување.

(3) Додатоците се определуваат за посебните услови при работа, кои произлегуваат од распоредот на работното време и тоа за работа во смени, работа во поделено работно време, ноќна работа, работа на дежурство, согласно закон, продолжена работа, работа во ден на неделен одмор, работа во празници определени со закон, работа во недела и додаток за работен стаж."

Во член 110 со поднаслов „Место и начин на исплаќањето на платата" е регулирано дека „(1) Работодавачот е должен на работникот да му ја исплати платата на начин утврден со закон.

(2) Работодавачот е должен да му издаде на работникот при секое исплаќање на платата како и до 31 јануари на новата календарска година писмена пресметка на платата, придонесите од плата и надоместоците на платата за платниот период, односно за изминатата година од кои, исто така, се гледаат и пресметката и плаќањето на даноците и придонесите.

(3) Трошоците во врска со исплатата на платата се на товар на работодавачот"

Додека во оспорениот став (4) од истиот член се предвидува дека „Министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон."

Во глава IX од Законот, со наслов „Работно време" е поместен членот 117 од Законот, кој носи поднаслов „Прекувремена работа", и предвидува дека„(1) Работникот е должен на барање на работодавачот да врши работа преку полното работно време (прекувремена работа),

во случаи на исклучително зголемување на обемот на работата,

2) ако е потребно продолжување на деловниот или производниот процес,

3) ако е нужно да се отстрани оштетување на средствата за работа, што би предизвикало прекинување на работата,

4) ако е потребно да се обезбеди безбедност на луѓето и имотот, како и безбедноста на прометот и

5) во други случаи определени со закон или колективен договор.

(2) Прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени.

(3) За работниците од Министерството за внатрешни работи, кои вршат посебни должности и овластувања согласно со посебен закон, прекувремената работа може да трае подолго од 190 часа годишно, поради извршување на итни и неодложни работи, по претходно дадена писмена согласност на работникот.

(4) На работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината, кај истиот работодавач, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Републиката.

(5) Работодавачот е должен да води посебна евиденција за прекувремената работа и часовите за прекувремената работа посебно да ги наведе во месечната пресметка на платата на работникот,

(6) Работодавачот е должен за секое воведување на прекувремената работа писмено да го извести подрачниот државен инспектор на трудот,

(7) Ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од ставот (2) на овој член е должен да изврши прераспоредување на работното време или воведување на нови смени."

Во оспорениот член 117-а е регулирано дека „ (1) По исклучок од членот 117 ставови (1), (2) и (7) од овој закон, за работа на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а заради потребата од континуитет во работата, прекувремената работа може да трае подолго од осум часа неделно и 190 часа годишно, по претходна дадена писмена согласност од страна на работникот.

(2) Работата над 40 часа неделно се смета и се плаќа како прекувремена работа, со задолжително почитување на одредбите за дневен и неделен одмор, во согласност со членовите 133 и 134 од овој закон."

Со член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/2000, 44/2002, 13/2006, 82/2008, 167/2010, 36/2011, 51/2011, 96/2019 и 110/2019) се пропишува дека министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон. Со член 56 од Законот се определува што се утврдува со прописите кои министерот може да ги донесе, односно дека со правилник се утврдуваат и се разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување, со наредба се наредува или забранува постапување во определена ситуација која има општо значење за извршување на законите и други прописи, со упатство се пропишува начинот на постапување во извршувањето на одделни одредби на законите и други прописи, како и дека со план и програма се утврдуваат и се разработуваат одделни прашања за извршување на законите и други прописи за кои е потребно утврдување на рокови и динамика на нивно извршување.

Оспорениот член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, односно член 110 став 4 од Законот не е во спротивност со член 32 од Уставот кој вели дека правата на вработените се остваруваат со закон и колективен договор односно

во конкретниот случај не постои загрозување на правата од работен однос, затоа што истиот не се однесува на правото на работникот на плата. Уставно загарантираното право на заработувачка односно плата на работникот во ниту еден момент не е загрозено со оспорената одредба и истото е децидно операционализирано и регулирано во член 105 и член 106 од Законот за работните односи. Во оспорената одредба се регулира само начинот и местото на исплата на плата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а притоа имајќи предвид дека изведувањето на ваквите проекти има свои специфичности, потребно е и поинакво регулирање на начинот и местото на исплата и затоа истото го пропишува министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика, како ресорно надлежни субјекти.

Исто така, наводите во иницијативите дека со оспорената законска одредба му се дава овластување на министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика да уредува општествени односи со што му се пренесува дел од законодавната власт, сметаме дека се неосновани и неиздржани од причини што Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика се едни од органите на државната управа, кои работите од својата надлежност ги извршуваат врз основа и во рамките на Уставот и законите. Во тој контекст, согласно со Законот за организација и работа на органите на државната управа, министерот е овластен да донесува прописи за извршување на законите.

Во конкретниот случај, овластувањето на министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика да ги пропишат начинот и местото на исплата на плата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, всушност значи дека тие прописи ги донесува во функција на операционализација на овие одредби од Законот за работните односи. Всушност, министерот не ги пропишува начинот и местото на исплата на плата „erga omnes" спрема сите работници, туку ги пропишува само начинот и местото (но не и времето, како што наведуваат подносителите на иницијативите) на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење, претходно утврдени со конкретен закон. Таквите овластувања на министерот утврдени во оспорената законска одредба, по својата природа всушност значат административни олеснувања во функција на поедноставно и поконкретно разработување на оспорената одредба од Законот за работните односи и истите се во согласност со неговите уставни и законски надлежности како орган на државната управа.

Во случај пак, на евентуално излегување надвор од уставните и законски рамки на овластените субјекти, во конкретниот случај министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика, при пропишувањето на прописот, може да се активира уставниот механизам за оценување на нивната согласност со Уставот и законите.

Поради наведеното, сметаме дека во врска со оспорениот член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, не може основано да се постави прашањето за согласноста на оваа одредба со одредбите на член 8 став 1 алинеи 1,3,8 и 11, член 9 и член 32 од Уставот на Република Северна Македонија.

Повторно поаѓајќи од анализата на наведената уставна и законска регулатива од областа на работните односи во контекст на наводите во иницијативите во врска со оспорениот член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи односно член 117-а од Законот, неспорно произлегува дека прекувремената работа претставува институт кој се однесува на прашања поврзани со остварување на правата на вработените и нивната положба и истиот претставува посебен услов за работа.

Работата подолга од полното работно време или прекувремената работа, работникот е должен да ја врши на барање на работодавачот и тоа во случаите децидно наведени во

член 117 став 1 точка 1-5 од Законот за работните односи. Во став 3 од истиот член, времетраењето на прекувремената работа за работници од Министерството за внатрешни работи и работници од Агенцијата за национална безбедност кои вршат посебни должности и овластувања, согласно со посебни закони, може да трае и подолго од 190 часа годишно, поради извршување на итни и неодложни работи, по претходно дадена писмена согласност од работникот. Ваквиот исклучок е од времен карактер за оваа категорија на работници и важи само за период на извршување на итни и неодложни работи по претходно дадена писмена согласност на работникот.

Оспорениот член 2 односно член 117-а со кој се прави исклучок за работните часови за прекувремена работа на работници ангажирани за работа на проекти од стратешко национално значење, утврдени со закон, е во ист правец како и воведувањето на исклучокот со член 117 став 3 од Законот за работните односи. Поради посебните карактеристики на извршување на работите од стратешко и национално значење, кои во најголем дел се од областа на градежништвото и потребата за нивно навремено завршување согласно со специфичните временски и теренски услови за работа, се овозможува, само за работа на проекти од стратешко национално значење, утврдени со посебен закон, да се применуваат исклучоци односно отстапки.

Меѓутоа, за да можат овие законски одредби кои се однесуваат за работа на проекти од стратешко и национално значење да бидат применливи, потребно е претходно тоа да биде утврдено со посебен закон, што несомнено води до заклучокот дека овие оспорени одредби нема да се применуваат, како што наведуваат подносителите на иницијативите за цел градежен сектор и цела категорија на градежни работници, туку само на одреден број на работници за одреден временски период утврден со закон. Исто така, градежништвото како сектор според неговата природа на дејствување и самиот има посебности, бидејќи изведувањето на работите во овој сектор најчесто е условено од временските услови за работа и е сектор каде што најмногу се користи институтот прераспределени работни часови, така што дури и со прекувремените работни часови не може да се постигнат толкав број на работни часови на кои симулираат подносителите во своите иницијативи.

Неосновани се наводите во поднесените иницијативи дека законодавецот не предвидел горна граница на прекувремената работа. Горната граница на прекувремените работни часови е определена токму во ставот 2 на оспорениот член односно дека работата над 40 часа неделно се смета и се плаќа како прекувремена работа, со задолжително почитување на одредбите за дневен и неделен одмор во согласност со членовите 133 и 134 од Законот за работните односи кои пак го регулираат правото на дневен одмор, односно правото на работникот да има дневен одмор од 12 часа непрекинато меѓу два последователни работни дена во текот на 24 часа и правото на работникот на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато, плус 12 часа дневен одмор.

Дополнително, со задолжителниот елемент - писмена согласност од страна на работникот, без која ниту еден работник не може да биде распореден да работи прекувремена работа не се нарушува уставното право наведено во член 32 став 4 дека секој има право на платен дневен, неделен и годишен одмор и дека од овие права вработените не може да се откажат, туку токму ваквата формулација на оспорената законска одредба овозможува ова за работникот да претставува избор, а не обврска. Писмената согласност на работникот претставува дополнителна заштита на работникот дека не може да му биде наложена прекувремена работа спротивно на неговата волја и над законскиот лимит од став 2 на член 117 од Законот за работните односи. Дотолку повеќе што и за овој случај согласно став 5 на член 117 од Законот, работодавачот е должен да води посебна евиденција за прекувремената работа и часовите за прекувремената работа посебно да ги наведе во месечната пресметка на платата на работникот, а согласно со став

6 од истиот член работодавачот е должен за секое воведување на прекувремена работа претходно писмено да го извести подрачниот државен инспектор за труд што може да се толкува како еден вид на посебна заштита на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење, утврдени со закон. Исто така, се претпоставува дека оваа законска можност работниците ангажирани за изведување работи на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, нема да ја користат на штета на нивното здравје и безбедноста при работата.

Впрочем, и самата Европската социјална повелба на Советот на Европа од 1961 која ги гарантира социјалните и економски човекови права и претставува суштинско дополнување на Европската конвенција за човекови права со која се гарантираат граѓанските и политичките човекови права, ратификувана од страна на нашата Република на 07.12.2004 година, а стапила во сила на 31.03.2005 година во член 4 со поднаслов „Право на правична заработувачка" меѓу другото го признава правото на работниците на заработувачка доволна за да им обезбеди, ним, како и на нивните семејства, пристоен животен стандард, понатаму, им се признава правото на работниците на зголемена заработувачка за прекувремена работа, со исклучок на некои посебни случаи.

Наспроти наводите на подносителите на иницијативите, ваквото законско решение е во корелација токму и со Директивата 2003/88/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот на Европската Унија на која се повикуваат подносителите на иницијативите, односно во поглавје 5 со наслов „Отстапување и исклучоци" во член 22 се регулира дека „Секоја земја-членка има право на избор за примената на членот 6 (просечното работно време за секои седум дена, вклучувајќи и прекувремено, да не надминува 48 часа), со почитување на општите принципи за заштита на безбедноста и здравјето на работниците, под услов да ги презема мерките потребни за обезбедување на наведеното:

(а) ниеден работодавач нема да бара од работникот да работи подолго од 48 часа во период од седум дена, пресметано како просек на контролниот период спомнат во член 16-б (контролен период не подолг од 4 месеци), освен ако тој има добиено согласност од работникот за вршење на таква работа;

(б) на ниту еден работник не смее да му наштетува работодавачот затоа што тој не се согласува да извршува таква работа;

(в) работодавачите водат ажурирана евиденција за сите работници кои извршуваат таква работа;

(г) евиденцијата се дава на располагање на надлежните тела, кои можат, од причини поврзани со безбедноста и/или здравјето на работниците, да ја забранат или ограничат можноста од надминување на максималните неделни работни часови.

(д) работодавачот им доставува на надлежните тела, по нивно барање,информација за случаи кога е дадена согласност од работниците за извршување работа за која е потребно подолго време од 48 часа во период од седум дена, пресметано како просек за контролниот период спомнат во член 16-б(контролен период не подолг од 4 месеци)".

Исто така, во член 7 став 1 од Конвенцијата за трудови клаузули (јавни договори), 1949 која со Законот за ратификација на Конвенцијата за трудови клаузули (јавни договори),1949 („Службен весник на Република Македонија" бр.77/2010) станала дел од внатрешниот правен поредок е предвидено дека „Во случај на членка чијашто територија опфаќа големи површини, каде поради слаба населеност или раштрканост на популацијата или поради степенот на развој на областа, надлежната власт смета дека е неизводливо да ги примени прописите на конвенцијата, власта може по консултирање со организациите на работодавачите и работниците, каде постојат како такви, да ги изземе таквите области од применување на конвенцијата, или општо или со такви изземања коишто, имајќи ги предвид претпријатијата или занимањата, ќе одговараат."

Ваквото законско решение Судот оцени дека е во корелација и со Одлуката У.бр.148/2021 и У бр.15/2022 од 29 март 2022 година со која Уставниот суд го укина член 12 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 163/2021) кој како закон кој важи за точно определени работи му даваше можност на стратешкиот партнер да има право да го организира и распоредува работното време на работниците, така што работното време на секој работник, во текот на целиот циклус на проектот, можеше да биде во просек 60 часа неделно во текот на годината. Од тие причини, Собранието на Република Северна Македонија, како доносител на оспорениот акт, исклучокот за времетраењето на прекувремената работа за работниците ангажирани на проекти од стратешко национално значење го уредува со Законот за работните односи како lex generalis, што е во смисла на член 32 од Уставот.

Понатаму, подносителите во своите иницијативи наведуваат дека оспорените законски одредби ги доведуваат во прашање безбедноста и здравјето при работа на работниците ангажирани за работа на проекти од стратешко и национално значење за државата. Безбедноста и здравјето при работа на кои се повикуваат подносителите, претставува едно од основните права на работниците, што е утврдено како такво во рамките на конвенциите на Меѓународната организација на трудот, во законодавството на Европската Унија, Европската социјална повелба на Советот на Европа, а истото е загарантирано како право и со Уставот на Република Северна Македонија. Надзорот врз примената на законите, како и другите прописи произлезени од Законот за работните односи, вработувањето, безбедноста и здравјето при работа како и самите договори за вработување и други акти, со кои се уредуваат и остваруваат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавачите од областа на работните односи и безбедноста и здравјето при работа е во надлежност на Државниот инспекторат за труд кој согласно со законската регулатива определена со Законот за инспекција на трудот има надлежност и е овластен во секое време на денот и ноќта, да влезе во просториите на работодавачот или во конкретниот случај да излезе на терен, без претходно најавување и без оглед на работното време на работодавачот и да утврди дали постојат злоупотреби или не, на Законот за работните односи. Оттука, неиздржани се аргументите на кои се повикуваат здружението Хелсиншки комитет за човекови права и Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) и Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија (СГИП) во поглед на можностите за злоупотреба на овие законски одредби од страна на работодавачот на смтка на работниците.

Со оспорениот член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.111/23), во член 134 став 3 се додава нова алинеја 44 којашто предвидува дека и работите на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, претставуваат исклучок од ставот 2 на истиот член, кој регулира дека ден на неделен одмор е недела. Ваквото неограничено и недефинирано проширување на која било дејност без претходно утврдени критериуми за тоа што претставува работа од стратешко национално значење, според подносителите, остава простор за широко толкување на оваа одредба до степен на злоупотреба, нееднаква правна положба на субјектите на пазарот и нарушување на слободата на пазарот и претприемништвото.

Ваквите наводи сметаме дека се неосновани. Во однос на наведените исклучоци за ослободување од забраната за работа во недела и празници, Уставниот суд со Решението

У.бр.4/2022 од 1 декември 2022 година зазел став да не поведува постапка меѓу другото и за оценување на уставноста на член 134 став 3 кој ги предвидува исклучоците за работниците кај работодавачите кај кои работниот процес е од таква природа што не може да се прекине поради техничко-технолошкиот процес и потребата од континуитет во работата, ден на неделен одмор да биде друг ден во неделата. Со ослободување од забраната за работа во недела и празници, законодавецот пропишал полиберален режим за одредени дејности, додавајќи со овие законски измени, и за работа на проекти од стратешко национално значење, претходно утврдени со закон, без монополски позиции кои би можеле да ги нарушат останатите сегменти на економијата, а со цел со исклучоците, тековните активности да продолжат на рационално и ефикасно ниво односно да се одговори на потребата од континуитет во работата на проекти од стратешко национално значење, утврдени со закон. Всушност, прашањето за пристапот на законодавецот да пропишува исклучоци од општото правило за недела и празници како неработни денови во Републиката, е прашање во доменот на законодавната политика за креирање на тој облик на законски решенија.

Собранието на Република Северна Македонија како законодавен дом согласно со член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот, донесува закони, па со ваквата уставна надлежност и во конкретниот случај, со закон пропишал правен режим во сферата на работните односи. Оттука оспорената законска одредба од уставно-правен аспект не може основано да се доведе под сомнеж со одредбите од Уставот, ниту пак Уставниот суд има надлежност да креира законски решенија.

Во врска, пак, со наводите во иницијативата на здружението Хелсиншки комитет за човекови права дека оспорениот закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.111/23) не е во согласност со одредбите од член 105, член 110 и член 117 став 1 и став 2 од Законот за работните односи и наводите во иницијативата на Сојузот на синдикатите на Македонија ( ССМ) и Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија (СГИП) дека оспорениот Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.111/23) не е во согласност со одредбите од член 109, член 110 и член 134 став 2 од Законот за работните односи како и со одредбите на Законот за безбедност и здравје при работа, Судот оцени дека не е надлежен да ја оценува меѓусебната согласност на законите, односно во овој дел иницијативите треба да се отфрлат согласно со член 28 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд.

Исто така, да напоменеме дека Република Северна Македонија како член на Меѓународната организација на трудот има ратификувано поголем дел од фундаменталите и приоритетни конвенции кои претставуваат значајни стандарди на трудот. Во Уставот на Република Северна Македонија во член 8 став 1 алинеи 1 и 11 како темелни вредности се определени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право. Тоа значи дека овие слободи и права на човекот и граѓанинот произлегуваат од низа меѓународни документи меѓу кои и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи на Советот на Европа, која е ратификувана со закон објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 11/1997, Конвенцијата за трудови клаузули (јавни договори), 1949 година ратификувана со закон објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 77/2010, Конвенција за неделен одмор ( индустрија), 1921 и други. Овие конвенции согласно со член 118 од Уставот се дел од внатрешниот правен поредок на Република Северна Македонија и

нејзините вредности се вградени во соодветната регулатива, вклучително и во Законот за работните односи.

Според содржината на член 110 алинеја 1 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија, одлучува за согласноста на законите со Уставот. Оваа одредба го ограничува Уставниот суд на оценка на уставноста на закон со Уставот и не дава можност за оценување на усогласеност на домашниот закон со ратификуван закон кој станал дел од внатрешниот правен поредок. Надлежноста на Уставниот суд е ограничена само на оценка дали меѓународните вредности од ратификуван закон се втемелени во домашното законодавство.

Од анализата на содржината на уставните одредби, меѓународните акти во целина, уставно-судската пракса, оспорените одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.111/23) како и од целината на Законот за работните односи, произлегува дека примената на наведените измени и дополнување во Законот се однесува само за конкретна работа за проекти од стратешко национално значење, нивната примена е условена со претходен закон за номинирање на стратешки партнер за одредена цел и е врзана со рок односно од почеток до реализација на проектот од стратешко национално значење утврден со закон и истите не може да се доведат под сомнение со член 8 став 1 алинеи 1, 3, 8 и 11, член 9, член 32, член 34, член 35, член 51 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

IV

Врз основа на наведеното, Судот, со мнозинство гласови, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

У.бр.83/2023, У.бр.96/2023,
У.бр.111/2023
3 април 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија
**Добрила Кацарска,** с.р.